*Психологија: наука и практика*, Vol. VI (11-12), 2022

УДК: 929Јанаков, Б.
Стручен прилог

# IN MEMORIAM



**проф. д-р Благоја Јанаков**
**(1953 – 2022)**

Беше роден во 1953 година во Куманово. Дипломираше психологија на Филозофскиот факултет во Белград каде што и магистрираше и докторираше. На Филозофскиот факултет во Скопје работеше од 1989 година. Во 2001 година беше избран во звањето редовен професор. На додипломските и постдипломските студии на Институтот за психологија ги предаваше предметите од областа на психологија на личноста. Во текот на својата кариера предаваше и Психологија на Природно-математичкиот факултет, на Факултетот за ликовни уметности и на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Автор е на учебници од областа на психологијата на личноста, на Прирачник за усреќување и добрување наменет за пошироката јавност, како и на статии во научностручни списанија. Активно учествуваше во бројни домашни, регионални и меѓународни научни и стручни собири на психолози и психотерапевти. Континуирано се залагаше за воведување автентична македонска терминологија во психологијата. Ќе остане запаметен како професор и колега со човечки доблести и со грижлив однос кон македонското народно творештво и култура.